# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **06. 04 .2015 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 4 – 2015 год.**

АПРИЛ 2015

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр5/02), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02.04.2015 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА

за реализација на проектот „Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини“ Општина Македонски Брод

Член 1

Во Одлуката за реализација на проектот „Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини“ Општина Македонски Брод, донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод, со бр. 18 – 286/5 од 23.03.2015 година, во членот 2 зборовите „изнесува 125 000“ се заменува со „изнесува 171 495 евра“ и зборовите „во вредност од 125 000 евра„ се заменува со „во вредност од 132 467 евра“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Македонски Брод“.

Бр. 18 – 332/3
02.04.2015г.

Претседател
на Советот на Општина Македонски Брод

Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за измена на одлуката за реализација на проектот „Проект за партерно уредување на КП 3672 за поставување на времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини„ Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за измена на одлуката за реализација на проектот ,,Проект за партерно уредување на КП 3672 за поставување на времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини,, Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр.08- 332 /8**
**06.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 02.04.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За отстранување на времени објекти заради реализација на Детален**

**урбанистички план „Блок-2“ за Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се отстрануваат времените објекти поставени на КП бр.3235/1, КП бр.3235/2, КП бр.3236/1, КП бр.3236/2, КП бр.3237/1, КП бр/3237/2 и КП бр.3238- дел за КО Македонски Брод заради реализација на Деталниот урбанистички план „Блок-2“ за Македонски Брод, за Градежна парцела бр.6.25 со намена А-2 за изградба на станбена зграда со деловни простории, по барање на инвеститорот РМ-АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Член 2**

Се отстрануваат времените објекти и тоа:

-Објект бр.1 сопственост на Танеска Атанасија од Македонски Брод,

-Објект бр.2 сопственост на Здравески Борче од с.Сланско и

-Објект бр.3 сопственост на Ристеска Јагода од Македонски Брод.

-Објект бр.4 сопственост на Богатиноски Борко од М.Брод (корисник Апостолоски Драган Македонски Брод)

-Објект бр.5 сопственост на Богеска Јасмина од Македонски Брод и

-Објект бр.6 сопственост на Столеска Добрица од Македонски Брод.

**Член 3**

Рок за отстранување на времените објекти е 8 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18-332/4<br>02.04.2015 година<br>Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за отстранување на времени објекти заради реализација на Детален урбанистички план „Блок -2“ за Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за отстранување на времени објекти заради реализација на Детален урбанистички план ,,Блок -2,, за Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр.08- 332 /8**
**06.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр5/02), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02.04.2015 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА**

за реализација на проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово, Општина Македонски Брод"

Член 1

Во Одлуката за реализација на проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово, Општина Македонски Брод", донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод, со бр. 18 – 286/6 од 23.03.2015 година, во членот 2 износот „45 471"се менува со „38 575".

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Македонски Брод".

Бр. 18 – 332/4
02.04.2015 г.

Претседател
на Советот на Општина Македонски Брод

Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за измена на одлуката за реализација на проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово“ Општина Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за измена на одлуката за реализација на проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово“ Општина Македонски Брод, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр.08- 332 /8**
**06.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за управување со електронска и електрична опрема и отпадна електронска и електрична опрема ( Сл.Весник на РМ 6/2012 ), член 29 т.2 и т.4 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (Сл.Весник на РМ 140/2010, 47/2011, 148/2011, 39/2012), член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02 Април 2015 година донесе:

# О Д Л У **К А**

за склучување на Договор со колективен постапувач за отпадна електронска и електрична опрема и отпадни батерии и акумулатори

**Член 1**

Согласно оваа одлука се задолжува Градоначалникот на Општина Македонски Брод за потпишување на Договор помеѓу општина Македонски Брод од една страна и колективен постапувач со отпад врз основа на добиена Дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање, за постапување со отпадна електронска и електрична опрема и отпадни батерии и акумулатори.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18 -332/6**
**02.04.2015** г.
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за склучување на Договор за колективен постапувач за отпадна електронска и електрична опрема и отпадни батерии и акумулатори**

Се прогласува Одлуката за склучување на Договор за колективен постапувач за отпадна електронска и електрична опрема и отпадни батерии и акумулатори, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр.08- 332 /8**
**06.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр. 2/2003), по поднесеното барање од Симјаноски Пецо од с.Суви дол бр.08- 333 од 31.03.2015година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02 април 2015 година

# О Д Л У К А

**За раскинување на договор за деловен простор издаден под закуп**

**Член 1**

Со оваа Одлука по барање на корисникот Симјаноски Пецо од с.Суви дол се раскинува договорот Бр. 03-769/1 од 07.08.2008 година со кој беше издаден деловен простор под наем без надоместок кој се наоѓа во Домот на културата–Македонски Брод..

**Член 2**

Со оваа одлука престанува да важи одлуката бр.07-673/7 од 28.07.2008г. со која беше отстапен на користење простор за вршење на радиодифузна дејност на локално ниво .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18- 332 /7**
**02.04.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за раскинување на договор за деловен простор издаден под закуп**

Се прогласува Одлуката за раскинување на договор за деловен простор издаден под закуп, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 02.04.2015 година.

**Бр.08- 332 /8**
**06.04.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 4 од 06.04.2015 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за измена на одлуката за реализација на проектот „Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини“ Општина Македонски Брод .......................................................стр.2

Заклучок за прогласување на Одлуката за измена на одлуката за реализација на проектот „Проект за партерно уредување на КП 3672 со поставување времени објекти и урбана опрема за отворен пазар со пратечки содржини“ Општина Македонски Брод ...........................................................................................................................стр.3

Одлука за отстранување на времени објекти заради реализација на Детален урбанистички план „Блок-2“ за Македонски Брод..........................................................стр.4

Заклучок за прогласување на Одлука за отстранување на времени објекти заради реализација на Детален урбанистички план „Блок-2“ за Македонски Брод ....................стр.5

Одлука за измена на одлуката за реализација на проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово“-Општина Македонски Брод.....................................................стр.6

Заклучок за прогласување на Одлуката за измена на одлуката за реализација на проектот „Водоснабдување со питка вода на с.Латово„-Општина Македонски Брод....стр.7

Одлука за склучување на Договор со колективен постапувач за отпадна електронска и електрична опрема и отпадни батерии и акумулатори..............................стр.8

Заклучок за прогласување на Одлука за склучување на Договор со колективен постапувач за отпадна електронска и електрична опрема и отпадни батерии и акумулатори ...........................................................................................................................стр.9

Одлука за раскинување на договор за деловен простор издаден под закуп...................................................................................................................стр.10

Заклучок за прогласување на Одлука за раскинување на договор за деловен простор издаден под закуп........................................................................................стр.11